# Презентација на првични наоди од Компаративното истражување на изборните системи (Comparative Study of Electoral Systems) во Република Северна Македонија

**22 јануари 2025 година, Јавна соба, Скопје, 11.00 - 13.00**

Парламентарните и претседателските избори од 2024 година доведоа до повеќе промени во политичкиот живот на Република Северна Македонија. Носителите на функции во извршната и законодавната власт беа заменети, на сцената се појавија или се зацврстија нови политички актери, раководството на една од најголемите и довчерашна владеачка партија беше целосно променето, а и една од постојаните владеачки партии по подолг период замина во опозиција. Земено севкупно, се чини дека се затвори уште една епизода во македонската повеќепартиска демократија, која на сцената доведе нови актери, решенија и проблеми, кои ќе бидат во центарот на вниманието во следниот период.

Што доведе до овој исход? Зошто македонските гласач(к)и се решија за промени? Што ги мотивира гласач(к)ите да го дадат својот глас за одредена партија или кандидат, или пак да апстинираат од гласањето? Кога одлучуваат за кого ќе го дадат својот глас? Каква е наклонетоста на гласач(к)ите кон различните партии, кандидат(к)и и политички позиции кои го доминираат јавниот дискурс? Како граѓаните идеолошки ги позиционираат партиите? Како гласач(к)ите ги евалуираат изборите и системот во целина?

Со цел посеопфатно разбирање на динамиката поврзана со изборите од 2024 година, Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (ИСППИ-УКИМ), во соработка со Институтот за демократија „Социетас цивилис“ Скопје (ИДСЦС) и Програмата за поддршка на изборите во Северна Македонија[1], во текот на 2024 година за прв пат во земјата го спроведоа модулот на меѓународното Компаративно истражување на изборните системи (КИИС, Comparative Study of Electoral Systems, CSES, https://cses.org/). Првата имплементација на КИИС во Северна Македонија беше поддржана и од Американската национална научна фондација во рамки на Програмата за почетни КИИС грантови.

КИИС/CSES е меѓународно анкетно истражување, координирано од Центарот за политички студии при Универзитетот во Мичиген, САД и ГЕСИС - Институтот за општествени науки во Лајбниц, Германија, кое се фокусира на изборното однесување на граѓан(к)ите. Досега е имплементирано во 60 земји низ светот во пет различни брана почнувајќи од 1996-та година. Имплементацијата на шестиот по ред модул на КИИС (2021-2026) во Северна Македонија ќе овозможи висококвалитетни и меѓународно споредбени податоци за изборното однесување на граѓан(к)ите кои ќе бидат од корист за научната заедница, креаторите на политики, граѓанските организации кои работат во областа на изборните политики и медиумските работници.

[1] Програмата за поддршка на изборите е финансирана од Владата на Швајцарија и имплементирана од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС).

Првичните резултати од анкетното истражување, спроведено на национален примерок од 1056 испитаници, избрани по случаен избор, ќе бидат претставени на 22 јануари 2025 година, со почеток во 11.00 во Јавна соба во Скопје. Придружете ни се на дискусија, поткрепена со свежи анкетни податоци, посветена на изборната и политичката динамика во земјата!

Работен јазик на настанот е македонскиот, со обезбеден симултан превод на албански и англиски.

# А Г Е Н Д А

**22 јануари 2025, 11.00 - 13.00**
**Јавна соба, 50-та дивизија 22, Скопје, https://maps.app.goo.gl/SKUJXs8SBbJ5Rxv4A**

**10.30-11.00** **Пристигнување и регистрација на учесниците**

**11.00-11.15** **Отварање на настанот, поздравни говори на:**
проф. д-р Бојана Наумовска, директорка на ИСППИ-УКИМ
Марко Трошановски, претседател на ИДСЦС
Јоана Косма, директорка на ИФЕС за Северна Македонија

**11.15-12.00** **Првични наоди од КИИС:**
проф. д-р Анета Цекиќ, ИСППИ-УКИМ
доц. д-р Јован Близнаковски, ИСППИ-УКИМ

во разговор со:
проф. д-р Ненад Марковиќ, модератор
Правен факултет „Јустинијан Први“, УКИМ
Надворешен соработник на истражување во ИДСЦС

**12.00-12.30** **Отворена дискусија**